ГРАЃАНИ ЗА ЕВРОПСКА МАКЕДОНИЈА
www.gem.org.mk

# ПИСМО ДО КОМИТЕТОТ

Почитувани,

Во четвртокот по којзнае кој пат демонстриравте целосно неразбирање на демократијата како систем. Како партија на власт во една формално демократска земја, повторно покажавте дека ни пет пари не давате за вашата одговорност да креирате и негувате демократски амбиент. Спротивно на тоа, вие по којзнае кој пат излеговте со списочињата в раце и со едно филмче кое требаше да докаже нешто конспиративно. А што тоа? Дека некои луѓе биле таму кај што претходно соопштиле дека ќе бидат! Ние разбираме дека правењето списоци за ликвидација има длабоки историски корени во вашата партија, уште од нејзиното формирање. Ја разбираме и најновата тоталитарна забава што ја пронајдовте неодамна, а се сведува на препораката како да се гледаат или читаат медиумите, а еве сега, и како да се сфаќаат некои личности на јавната сцена. Како сте тргнале, изгледа ќе завршите со препораки какви тапети и пердиња е пожелно граѓанинот да има во својата дневна соба и што да купи за јадење.

Тука, се открива вистинскиот карактер на власта што ја практикувате. Општествата во кои владејачката партија ги пропишува медиумите и го подбуцнува народот против „непријателите" не се демократски. Вашата комоција со која почнавте да ги употребувате овие методи покажува две работи – прво, дека за време на вашето владеење до таа мера сте го опустошиле демократскиот поредок и капацитет, што денес можете слободно и без казна од јавноста да правите вакви тоталитарни паради. Второ, дека граѓаните ги третирате како малоумни деца на кои им е потребен „Вмровски водич за почетници" за воопшто да можат да преживеат.

Она што вам ви е потребно е „Демократски водич за вмровци", за да почнете да ја учите демократијата од буквата А. Што треба да научите, господа? Еве неколку работи за почеток:

- Во демократија не владее опозицијата и таа не може да биде виновна за состојбата во државата;
- Во демократија опозицијата е нужно потребна;
- Во демократија граѓанинот може на организиран или неорганизиран начин да поддржи некоја политичка структура за која мисли дека во моментот одговара на неговите ставови;
- Во демократско општество власта ниту „препорачува" медиуми ниту пропишува рецепти како да сфаќате определени личности или настани;
- Во демократија, користењето приватно снимени видео-материјали во пропагандни цели без согласност на снимените вообичаено претставува кривично дело.

Вие уште еднаш потврдивте дека сме ја донеле вистинската одлука со присуството на митингот на опозицијата, зашто вашата самобендисана и безобразна власт е суштинскиот проблем на македонското општество. Република Македонија има многу поголеми проблеми од тие кој на чиј митинг одел.

Не арчете го времето на глупости, земете сработете нешто. Формулирајте јасни јавни политики, спроведете ги законите, внесете ја земјата во НАТО, почнете преговори со ЕУ. Подобрете го образованието, здравството, културата. Покажете почит кон владеењето на правото, зајакнете го капацитетот на институциите, докажете дека ги почитувате основните човекови права. Престанете да поттикнувате говор на омраза и започнете борба против сите видови дискриминација и нетолеранција. Покажете дека сте демократска, цивилизирана партија која знае што значи современа политика и ние ќе престанеме да одиме по митинзи и да држиме трибини!

Роберто Беличанец, Мерсељ Биљали, Никола Гелевски, Бранко Героски, Владимир Милчин, Жарко Трајаноски

Објавувањето е овозможено со финансиска поддршка од Фондацијата Институт отворено општество - Македонија